**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД**
***СУ-07-30/22***
***14.01.2022 година***
**СКОПЈЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP**
**Agj *-07-30/22***
***viti 14.01.2022***
**SHKUP**

Врз основа на чл.36 од Законот за судска служба („Сл. Весник на РМ“ бр. 43/14,33/15,98/15,6/16,198/18 и 248/18) и Предлогот на Комисијата за селекција за вработување за работно место број 3- Виш судски референт-архивар- категорија Г, ниво Г-2, СУ-07-25/22 од 14.01.2022 година, Претседателот на Основниот граѓански суд Скопје, на ден 14.01.2022 година, донесе:

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

За работното место број 3- Виш судски референт-архивар- категорија Г, ниво Г-2, се избира:

- Кандидатот со шифра 2/2021-17, **СОФЧЕ БУКОВСКА БЛАЖЕВСКА,** Македонка, со вкупен број на освоени бодови 87,39;

Решение за вработување на избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд Скопје објави оглас бр. 2/2021 за вработување на 1 (еден) извршител на работно место Виш судски референт-архивар- категорија Г, ниво Г-2, на ден 01.12.2021 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Koha“.

По спроведената постапка за селекција за вработување за работно место број 3- Виш судски референт-архивар- категорија Г, ниво Г-2 согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Сл.весник на РМ“ бр. 236/ 18), Комисијата за селекција за вработување за работно место број 3- Виш судски референт-архивар- категорија Г, ниво Г-2, до Судскиот администратор достави Предлог на кандидати за вработување за работното место број 3- Виш судски референт-архивар- категорија Г, ниво Г-2, заведен под СУ-07-25/22 од 14.01.2022 година.

Согласно со означениот Предлог, за работното место број 3- Виш судски референт-архивар- категорија Г, ниво Г-2 за извршител се предлага: кандидатот со шифра 2/2021-17,Софче Буковска Блажевска, Македонка, со вкупен број на освоени бодови 87,39.

Согласно со чл. 36 ст.1 од Законот за судска служба, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избиран судски администратор, во рок од

пет дена по добивањето предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го предвид отсуството од работа на судскиот администратор на Основен граѓански суд Скопје, а кое отсуство опфаќа период во кој влегува рокот од 5 дена за донесување на одлука за избор, одлуката за избор, согласно означената одредба од Законот за судска служба ја донесе претседателот на Основен граѓански суд Скопје.

Раководејќи се од примената на означената законска одредба, а имајќи го во вид Предлогот на кандидати за вработување за работното место број 3- Виш судски референт-архивар- категорија Г, ниво Г-2, заведен под СУ-07-25/22 од 14.01.2022 година, се одлучи како во изреката.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ILIR SULEJMANI**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката за избор преку Основниот граѓански суд Скопје до Советот на судска служба.

**ДН:** - Софче Буковска Блажевска
- судска управа
на интернет страницата на судот
на огласна табла на судот
- Добрила Кокот